Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 07.08.2021

На 06.08.2021 околу 21.45 часот на улица „Илинденска", во близина на угостителски објект на излезот од Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода А.Р.(38) од Република Албанија, Ш.И.(28) од с.Арачиново, скопско и Б.Т.(32) од Скопје. При преглед на патничко моторно возило со албански регистарски ознаки, во кое се превезувале трите лица, а што го управувал А.Р., во багажникот на возилото била пронајдена поголема количина марихуана. Тројцата биле задржани во Полициската станица Гостивар (Ноќеска (07.08.2021), врз основа на судска наредба, бил извршен претрес во стан во Гостивар, каде што престојувал А.Р.. При претресот биле пронајдена и одземена марихуана, во вкупна количина од околу 40 килограми. По целосно документирање против лицата ќе биде поднесена соодветна пријава за „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори".

На 06.08.2021 во 22.20 часот на ул.„Рудничка" во Кичево, полициски службеници од Полициската станица Кичево лишиле од слобода малолетник, затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.08.2021 во 00.10 часот во близина на Граничен премин Богородица, полициски службеници извршиле контрола во такси возило, со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Д.(47). Притоа, во возилото биле откриени Д.С.Р.О.(24), Ц.П.Ф.(52) и Д.О.А.П.(20), сите од Куба, за кои по извршени проверки било констатирано дека незаконски престојуваат во Република Северна Македонија. На лицата им биле издадени решенија за протерување на странец со забрана за повторно влегување, во период од една година. Тие биле сместени во Прифатниот транзитен центар „Виноју" -Гевгелија за понатамошна постапка.

На 06.08.2021 во 14.30 часот на Граничен премин Ќафасан, полициски службеници ја лишиле од слобода Л.Л.(29) од Тунис, поради сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Таа била предадена и задржана во Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

На 06.08.2021 околу 14.00 часот во СВР Велес било пријавено дека на автопатот Велес-Градско, пред наплатна станица Виничани, З.Р.(45) од с.Тремник, неготинско, управувајќи патничко возило „опел", со велешки регистарски ознаки, изгубил контрола над возилото и излетал од коловозот.Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Ј.Р.(70) од с.Треминк, а возачот З.Р. се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Велес. Бил извршен увид на местото на незгодата.

На 06.08.2021 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територијата на град Скопје изречени се вкупно 161 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 40 санкции, 12 за возење без возачка дозвола, три за возење под дејство на алкохол. Изречени се три мерки за користење на мобилен телефон, една за нерегистрирано возило, 17 за прекршоци што ги прават возачи на мотоцикли...

На 06.08.2021 во 13.00 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на регионалниот пат Гостивар-Чегране, во с.Форино, товарно возило „мерцедес", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Е.С.(56) од с.Форино, удрило во пешакот И.Б.(42) од с.Форино. Во незгодата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Ургентен центар Гостивар. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 06.08.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Р.И.(60) од с.Чифлик пријавил дека во атарот на с.Чифлик бил каснат од куче скитник.

На 06.08.2021 во 13.45 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул. „Борис Кидрич" во Прилеп непознато возило удрило во пешакот В.П.(55) од Прилеп, по што го напуштило местото. Во незгодата В.П. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Прилеп. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 06.08.2021 во 20.20 часот во Полициската станица Кичево, Г.П.(43) од Кичево пријавил дека на ул.„Ужичка Република" бил каснат од куче скитник.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против П.М.(39) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 16.10.2020 полициски службеници извршиле претрес во неговиот дом во Кавадарци, при што пронашле и одзеле хероин, марихуана, мешавина од кофеин и парацетамол и дигитална вага.

На 06.08.2021 во 21.00 часот на бензинска станица во близина на Граничен премин Богородица, во товарен дел од товарно возило со скопски регистарски ознаки, управувано од Ш.И.(49) од с.Јосифово, валандовско, полициски службеници откриле пет лица мигранти од Авганистан. По преземени мерки било констатирано дека мигрантите незабележани од возачот влегле во товарниот дел на возилото, додека правел пауза на паркинг. Лицата биле предадени во Прифатно-транзитниот центар Гевгелија за понатамошна постапка.

На 06.08.2021 во 13.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во фитнес центар во Спортски центар во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу К.К.(42) од Скопје и С.Ј.(24) од Скопје. Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

На 06.08.2021 во 11.30 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на ул.„Илинденска" во Гостивар, В.Т.(25) од Гостивар, управувајќи мопед, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Ургентен центар Гостивар. Увид на местото извршила увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 06.08.2021 во 21.50 часот во СВР Скопје, Б.Г.(38) и Д.К.(34), двајцата од Скопје, пријавиле дека околу 21.25 часот на бул.„Св.Климент Охридски" биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.08.2021 во 22.30 часот во Полициската станица Кичево, М.Л.(29) од Битола, со живеалиште во Кичево пријавила дека на ул.„Гоце Делчев" во Кичево нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 06.08.2021, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А. И.(19) од Скопје, затоа што околу 17.45 часот на ул.„1612" со употреба на сила одзел златен накит од Т.Т.(46) од Скопје. Украдените предмети биле вратени на оштетената, а тој бил приведен во Полициската станица Аеродром и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.08.2021 во 16.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на обиколница Скопје, во правец од с.Арачиново кон с.Сарај, пред с.Смилковци, додека полициски службеници вршеле увид на сообраќајна незгода, се случила уште една сообраќајна незгода во која Р.А.(32) од с.Отља, општина Липково, управувајќи патничко возило „сеат леон", со кумановски регистарски ознаки, удрил во товарно возило ,,ман", со полуприколка „шмидс", со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.А.(55) од Скопје, по што удрил во возило „бмв", со германски национални ознаки, кое било учесник во претходната сообраќајна незгода и во службено патничко возило на МВР. Со телесни повреди се здобиле полициските службеници и возачот Р.А., кои биле пренесени во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" за укажување лекарска помош. Бил извршен увид на местото.

Денеска (07.08.2021) во периодот од 07.00 до 12.00 часот беше спроведена зајакната акциска контрола на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Куманово за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената. При контролата биле санкционирани 32 возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената во населено место.

На 07.08.2021 во 01.15 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на ул.„Љубашка" во Кавадарци, малолетник од Кавадарци, управувајќи мопед со кавадаречки регистарски ознаки, удрил во паркирано товарно возило, а потоа и во пешакот Е.Г.(24) од Кавадарци. Во незгодата пешакот и мотоциклистот се здобиле со повреди, констатирани во болницата во Кавадарци. Увид извршила екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 06.08.2021 во 06.40 часот во Полициската станица Бит Пазар, Џ.И.(43) од Скопје пријавил дека Н.М.(34) од Скопје испукал неколку куршуми кон него и неговиот брат Т.И. пред влезот од зградата каде живеат на подрачјето на Чаир, но не ги повредил. Полициски службеници излегле на местото и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.08.2021, полициски службеници од ОВР Кочани, во кооординација со Јавен обвинител, во полициска станица е повикана Н.Н.(26) од с.Соколарци, кочанско, во врска со ширење на видео материјал со недолична содржина, односно поради сомнение за сторено кривични дела по член 149 и по член 191 од Кривичниот законик. Со неа е извршен службен разговор, при што Н.Н. изјавила дека видеозаписите биле направени со намера да бидат испратени преку „Фејсбук" на друго лице, за што на неа требало да ѝ бидат исплатени пари. По целосно расчистување и документирање на случајот, против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Куманово и СВР Тетово поднесоа кривични пријави против С.П.(38), Ф.Б.(30), Р.А.(30), Е.С.(50) и Ш.А.(26), сите од Куманово, Д.М.(29) од Кратово и А.Ј.(25) од с.Челопек, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 26.04. до 13.06.2021 се движеле без дозвола за движење за време на забрана за движење на возила и лица.

На 06.08.2021 околу 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект во с.Батинци, скопско, С.Ф.(24) од с.Батинци бил погоден од залутано зрно. Тој бил пренесен во Градскат општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување лекарска помош. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.08.2021 во СВР Велес, Ј.А.(38) од Велес пријавила дека на ул.„Стојан Буридан" во Велес била каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет